# Медиум

весник за сите средношколци

Понеделник 30.9.2019 V; година бр. 47

www.medium.edu.mk

МЛАДИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА СЕ ПРИКЛУЧИЈА НА ГЛОБАЛНИТЕ ПРОТЕСТИ ЗА КЛИМАТСКАТА КРИЗА

# Куќата ни гори, некој нека одговори!




Фото: Маја Јаневска-Илиева

стр. 4-5



ИНТЕРВЈУ СО МАРКО ИНЃИЛИЗОВ, ЕВРОПСКИ ВИЦЕШАМПИОН ВО „КВИЗОТ НА ПАРИТЕ“

стр. 3



ИСТОРИСКИ НАГРАДИ ПРОСЛАВЕНИ СО МАКЕДОНСКИ ОРА ВО ЈУЖНА КОРЕЈА

стр. 6



ЈАС МИСЛАМ ВАКА

КАКВА Е ТАА НАУКА САМО НА ХАРТИЈА?

стр. 7

Институт за комуникациски студии

Нова Македонија

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ИЗРАБОТЕН ВО РАМКИ НА КАМПАЊАТА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА ПОДОБРА ЖИВОТНА СРЕДИНА „НЕ ИГНОРИРАЈ! РЕАГИРАЈ!“ ШТО ЈА СПРОВЕДУВА ИНСТИТУТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

## ВОВЕДНИК

**Марија-Магдалена Петковска-Микаровска, професорка по англиски јазик во Средното медицинско училиште во Битола #МетиСиСоКласнето**



# Будни ли сте?

Јас сум само една обична наставничка во мал, истрошен, изнемоштен, загаден град, каде што различноста може да те убие од предрасудите на неистомислениците. Ако не припаѓаш во приказната, која е пишано правило за наставник длабоко навлезен во комфорната зона, тогаш или си со некоја задна намера, политички став на некоја спротивна структура, имаш некој личен интерес, се промовираш, рекламираш или, пак, не си нормален.

Беше пролетен ден. Веќе длабоко навлегуваме со моите шеснаесетгодишни ученици и моите две деца во потребата да направиме нешто во Битола преку дискусии од секој вид, работа на себе, работа на нашата лична свест. Секако, она што можеме, во рамките на дозволеното. Решивме да почнеме да чистиме.

Имаше потреба да се постави една дисциплина во свеста на нашиот народ во врска со фрлањето на ѓубрето. Убедени дека ќе бидеме исвиркувани, несфатени, уловени дека правиме нешто надвор од дисциплинските норми на свеста на малиот град, тргнавме во поход. Прв поход, чистење на Дом за доенчиња. Другиот ден, секоја социјална мрежа беше со веста за истото. Одекна. Како да се чекаше нешто од овој вид. Повратните информации беа 50:50. Едните нè поздравуваа, другите беа убедени дека се рекламираме. Не можевме да сфатиме како е рекламирање да убедиш дете дека по јадењето смоки и по пиењето сок, ѓубрето не треба да го пушти на земја туку во канта за отпадоци. Како е рекламирање ако на возрасен човек му кажеш дека купот од сончоглед што го направил пред својата клупа на корзо е неверојатно мизерен потег. Или, пак, потсетувањето за луѓето дека догорчињата од цигарите се исто така ѓубре и дека некој потоа треба да ги мете.

Следуваа акции од секаков вид. Следуваа нови волонтери. Следуваа родители на моите ученици. Следуваа ученици и наставници од други училишта.

Следуваше чистење на депонии каде што никој не влегуваше, каде што секој велеше „не е моја надлежност". Следуваше поддршка. Голема. Секоја голема компанија нè поддржа. Секој медиум којшто значи нешто. Битолските пекари и ресторани нè хранеа, случајни минувачи нè поддржуваа и се придружуваа. Имаше и такви кои сакаа да нè обесхрабрат, прашувајќи дали навистина мислиме дека ќе ја исчистиме Битола. Не. Не мислиме, убедени сме дека нема. Меѓутоа, дека направивме и правиме промена во совеста од младо до старо, нема човек што може тоа да го оспори.

Ова е накратко нашата приказна. Сакам истата да стигне до секој наставник кој решил да го посвети животот во едукација на деца. Моќта е во нас. Имаме минимум по 30 ученици со кои заеднички можеме да правиме позитивни општествени промени. Не седете и не чекајте да заврши часот. Инспирирајте ги. Извадете ги потенцијалот, креативноста и добрина од нив. Еден ден ќе ви бидат благодарни за базата која сте им ја создале. Ќе го запаметат вашето име. Научете ги да реагираат на неправди и да го прават ова место подобро место за живеење. Бидејќи ова е нивниот дом.

# Информатичарите освоија три медали на Балканската олимпијада

Сребрен и два бронзени медали освои македонскиот тим од средношколци на 27-та Балканска олимпијада по информатика (БОИ 2019), која од 9 до 14 септември се одржа во Атина, Грција. Дел од тимот беа четворица тинејџери: Мартин Динев од Валандово, Андреја Величковски од Куманово, Благојче Павлески од Прилеп и Владимир Шарковски од Скопје, а со нив работеа менторите Емин Станков и Владимислав Бидиков од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ).

На годинашното издание на БОИ учествуваа вкупно 44 натпреварувачи од 12 балкански земји.

Средношколците кои влегоа во македонскиот тим беа избрани преку целогодишен циклус на натпревари што редовно се организира од Здружението на информатичари на Македонија (ЗИМ), а оваа година беше поддржан од Агенцијата за млади и спорт, Фондот за иновации и технолошки развој, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) и неколку компании. Натпреварите се одржуваат преку системот мендо.мк, кој е достапен во текот на целата година за сите ученици.



# Средношколци готвеа на соларна енергија, неготинци дегустираа

Средношколци од четири класа од училиштето „Св. Кирил и Методиј" од Неготино, на градскиот плоштад готвеа храна на соларна енергија. Настанот беше организиран во вид на натпревар меѓу учениците кои ги покажаа своите кулинарски вештини, а неготинците што беа во центарот на градот имаа можност и да ги вкусат средношколските специјалитети.

Натпреварот што се одржа во Неготино беше во рамките на проектот „Енпол-ЕЕ", а целта беше да се покаже дека готвењето може да биде забавно ако се прави на отворен простор и ако се користат обновливите извори на енергија.



# Струмичани го средија школскиот двор

Повеќе од 150 ученици од средните училишта „Никола Карев" и „Јане Сандански" во Струмица учествуваа во младинска акција со која го одбележаа Меѓународниот ден на мирот. Акцијата се одржа на 20 септември, во дворот на „Никола Карев" и во овие рамки садеа дрвца, ги бојадисуваа металните и бетонските површини, а на училишниот ѕид испишаа пораки за мир. Исто така, младите организираа и хуманитарна акција за детското одделение во ЈЗУ „Општа болница" - Струмица во која донираа постелнини кои самите ги изработија. Акцијата ја поддржаа општината Струмица и проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, во соработка со Младински образовен форум. Проектот на УСАИД претставува петгодишна иницијатива за зајакнување на меѓуетничката кохезија меѓу младите и развој на демократските и граѓанските односувања.

# Можеш ли да нè видиш ваков пешачки премин?

Средношколците од битолското училиште „Таки Даскало" од градежно-геодетската струка, градежни и архитектонски техничари, заедно со нивните професори учествуваа во Европската недела на мобилност и пешачките премини кај Широк сокак ги направија поатрактивни од кога било. Тоа го направија со помош на локалниот уметнички колектив „Хибрид мајндс кру", а целта им беше да направат безбеден дизајнерски пешачки премин кој ќе биде видлив за возачите, а визуелно привлечен за пешаците. Европската недела на мобилност се одржува секоја година во септември и се одбележува во повеќе од 2.000 града низ Европа. Годинава мотото беше „Пешачи со нас" и во фокусот беа безбедното пешачење и возење велосипед, а младите битолчани беа само дел од многубројните учесници и активисти од низа градови во Македонија.

Европската недела на мобилност прврпат беше иницирана во Франција во 1998 година, а кај нас официјалното одбележување започна во 2001 година.

Медиум
НЕ ИГНОРИРАЈ РЕАГИРАЈ за подобра животна средина
ИК Институт за комуникациски студии

Публикацијата е изработена во рамки на кампањата од јавен интерес за подобра животна средина „НЕ ИГНОРИРАЈ! РЕАГИРАЈ!" што ја спроведува Институтот за комуникациски студии

**Уредници на „Медиум":** Александра Темеснугова, temenugova@iks.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk; www.reagiraj.mk**

British Embassy Skopje
Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поддршка за добро владеење преку граѓанско учество за поголема транспарентност и отчетност на институциите во Македонија" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ СО МАРКО ИНЃИЛИЗОВ, ЕВРОПСКИ ВИЦЕШАМПИОН ВО „КВИЗОТ НА ПАРИТЕ“

# „Додека ги чуваме средношколските права под тепих, не можеме да напредуваме“

*Марко е средношколец, ученик во втора година во велешката гимназија, а кон крајот на минатата учебна година, заедно со негова соученичка, стана вицешампион на Европа во „Квизот на парите“. Со него разговараме за младите, за општествениот систем, за промените во образованието*





Несомнено е дека ниту едни други генерации како денешните средношколци немаат повеќе блогери, влогери и самопрогласени инфлуенсери. Секоја генерација, секој клас, можеби и секое друштво може да се пофали со некој таков. Но ниту една генерација, освен велешките средношколци во втора година во гимназијата „Кочо Рацин“, не може да се пофали со гениј како Марко Инѓилизов. А причини? Причините ги има многу, како што ги има и неговите таленти благодарение на кои се закитил со низа домашни и меѓународни признанија. Марко е вљубеник во правото, па со право можеме да кажеме дека е правник во изградба, обучува во невладини организации, а причината поради која го избравме тој да биде нашата „фаца на месецот“ во овој број од „Медиум“ е неговата титула: Европски вицешампион во „Квизот на парите“.

За што станува збор? „Квизот на парите“ е натпреварување кое го организира Европската банкарска федерација, а неговата цел е финансиска едукација и писменост на младите од 13 до 15 години. Овој настан се одржа кон крајот на минатата учебна година, на 7 мај, во Брисел и на него како финалисти учествуваа претставници од 28 европски земји. Македонија годинава за првпат се појави на овој настан, а Марко заедно со неговата соученичка Викторија Панова беа наши претставници. Таму тие го освоија второто место, со неколку бодови зад првопласираните претставници на Словенија. Зад нив, на трето место ги оставија врсниците од Германија. За да стигнат дотаму, Марко и Викторија прво станаа национални прваци во конкуренција на над 3.000 деца од основните и средните училишта на натпревар што го организираше Македонската банкарска асоцијација во соработка со Народна банка, Министерството за образование и наука и Комисијата за хартии од вредност.

**Медиум:** Кој е Марко во училиштето и надвор од него?

**Марко:** Марко во училиштето и надвор од него е дефинитивно една иста личност и верувам дека секој треба да биде иста личност и во својата работа или училиштето, бидејќи лицемерството е една од најпоразителните особини која, за жал, одликува многу личности. Инаку, Марко во училиштето е еден обичен ученик со своите проблеми, тестови и испрашувања.

**Медиум:** Каде ја гледаш својата иднина?

**Марко:** Кога зборуваме за иднината, скромноста е она што ни недостига во изразувањето. Кога зборуваме за иднината, сите зборуваме со пофални зборови и за тоа како ние се гледаме понатаму, што може, а и не мора да се исполни. Од сегашна перспектива, верувам дека би го завршил средното образование овде, исто како и додипломските студии, додека, пак, магистерските и докторските студии би ги продолжил некаде надвор. Во однос на професијата ќе оставам простор да се променат општествените и политичките случувања, верувам дека слепата правда е тоа што треба да нè води како нација.

**Медиум:** Дали во некои моменти чувствуваш анксиозност поради предизвиците кои ти ги поставува општеството?

**Марко:** Анксиозноста не би требало да се спомнува кога се во прашање помладите генерации, неа треба да ја имаме во позитивна мера, ако може така да се изрази. Во однос на тоа дали чувствувам анксиозност пред важни случувања, би рекол не и би рекол дека сум нервозен. Но на почетокот од денот кога се подготвувам за сите настани, чувствувам притисок и стрес, бидејќи мене ми се дадени место и простор за кои некој друг се борел. Иако не верувам во среќа, во дадени моменти сум имал позитивна наклонетост на некои случувања и сето тоа ми создава притисок. За тоа какви се моите врсници, би рекол дека многу работи се стават „на срце“ и се обрнува внимание на небитни работи од секојдневието. Постои ерозија на моралните вредности во општеството и позитивните особини што треба да ја красат една млада личност полека исчезнуваат. Овде вината делумно ја префрлам и на семејството, како најважна општествена институција. Воопшто не ја префрлам на професорите во средното образование, туку на оние кои работат со деца од предучилишна возраст, бидејќи тие влијаат на градењето на една млада личност. Чувствувам позитивна трема, но верувам дека со труд и со напорна работа сите целиме кон нашите предизвици.

**Медиум:** Што би променил кај општествено-социјалните норми?

**Марко:** Би го променил општествениот систем, менталитетот би го сменил со промена на генерациите. Можеби ако сега дејствуваме врз образованието, резултатите ќе се видат за дваесетина години. Тоа се едни долгорочни инвестиции чии резултати се гледаат многу подоцна.

**Медиум:** Каква промена му е потребна на нашиот образовен систем?

**Марко:** Професорите треба да ги охрабруваат учениците, да има меѓусебна почит и разумност за некои постапки. Професорите треба да нè научат дека оценките се само бројка на парче хартија. За да завршите факултет не ви треба оценка од средно, ви треба многу знаење од таа област. Треба да знаеме дека додека ги чуваме средношколските права под тепих, не можеме да напредуваме. Треба да го поставиме образованието на независно ниво и да поставиме свои принципи. Не треба да пренесуваме и пресликуваме надворешни образовни програми како што беше програмата „Кембриџ“, која е сосема несоодветна на нашиот ментален склоп.

**Медиум:** За крај, што би им порачал на младите?

**Марко:** На младите би им порачал да веруваат во себе. Да знаат дека тие постојат за општеството и тоа за нив, дека тие треба да се докажуваат и покажуваат за своите квалитети. Ние сме носители на промените и од нас зависи иднината на оваа држава и нејзината перспектива.

**Матеа Несторова и Меланија Стојанова, ученички во гимназијата СОУ „Кочо Рацин“ - Велес**

СКОПЈЕ ИМ СЕ ПРИКЛУЧИ НА ГЛОБАЛНИТЕ ПРОТЕСТИ ЗА КЛИМАТСКАТА КРИЗА

# Куќата ни гори, некој нека одговори!




Фото: Маја Јаневска-Илиева

Слаби со поддршка, силни со пораките. Младите од движењето „Петоци за иднината - Скопје“ и поддржувачите, со серија активности ја одбележаа глобалната недела против климатски промени. Првиот протест беше пред Владата, а нивните барања ги адресираа внатре во зградата. „Малата земја“ да го сфати сериозно глобалниот аларм, да прогласи вонредна климатска состојба во државата, да се активира национално тело за борба против климатски промени, електричните централи да згаснат, а обновливите извори на енергија стратегиски да се искористат. Власта мора плански да ја намали употребата на автомобили со унапредување на јавниот транспорт, а за климатската проблематика да се учи во формалното образование, порачаа активистите.

- ЦО2-гасовите од целата наша индустрија, од овој сообраќај, мора да ја натераат власта веднаш да почне со краткорочни мерки и да мисли на стратегија на долг рок. Македонија е мала земја, но сепак заедно со уште 200 држави имаат суверенитет на своите територии и мора да воспоставаат ред. И сега, во ситуација кога ние имаме глобален проблем, не може да очекувате, на пример Кинезите да дојдат и да ви ја завршат работата - вели Иво Босилков од движењето „Петоци за иднината - Скопје“.

Младите потсетија на сè пожешките летни денови во Македонија, на поплавите и на пожарите кои се аларм дека не сме изолирани од глобалниот проблем. Дел од демонстрантите се појавија со маски на лицето, други, пак, со транспаренти. „Системски промени“, „Ние се труеме“, „Една планета, една шанса - акција сега“ беа само дел од слоганите. Се скандираше и „Куќата ни гори, Јани да одговори“, алудирајќи на заменик-министерот за животна средина Јани Макрадули.

- Ако не е доволен индикатор тоа што барем три месеци во лето и три месеци во зима не можеме од дома да излеземе, тоа се и препораките од нашите власти, тогаш не знам што повеќе треба. Ова што ни се случува е по вина на грст луѓе кои ја силуваат, ја злоупотребуваат природата и природните ресурси, а ние ќе страдаме

## Младите протестираат, а што ветуваат светските лидери?

Додека младите ги окупираа улиците, под истото мото светските лидери се собраа во седиштето на Обединетите нации во Њујорк. Чилеанскиот претседател Себастијан Пињера, кој ќе биде домаќин на разговорите за климата подоцна оваа година, рече дека 66 земји ветиле дека ќе имаат поамбициозни цели за климатските промени, додека 30 земји ветиле дека ќе постигнат неутралност од јаглерод до 2050 година. Лидерите на Финска и Германија исто така ветија дека ќе забранат јаглен во рок од десет години. Повеќе од 60 светски лидери се подготвени да разговараат, вклучувајќи ги и оние од Нов Зеланд, тешко погодените Маршалски Острови, но и Индија и Германија. Францускиот претседател Емануел Макрон побара од другите нации да ги зголемат своите придонеси во Зелениот климатски фонд, кој им помага на сиромашните нации да се справат со климатските проблеми. Овој самит и Конференцијата за климатските промени во Сантијаго де Чиле, најавена за декември, се два клучни настана за донесувањето одлуки во насока за задржување на глобалното загревање под критичната граница од 1,5 Целзиусов степен.










за сметка на нивното богатење. Не се гледа сериозно на овој проблем како од оние на позиција на моќ, така и кај обичните граѓани. Затоа се потребни вакви активности - вели Теодора Милевска, која беше на протестот пред владината зграда.

Освен протестот пред Влада, неделата против климатските промени се одбележа со велосипедско возење, тематска филмска проекција, работилници, панел-дискусии. Активностите се заокружија со завршен марш на 26 септември, кој започна од Министерството за животна средина преку Собранието до Владата.

Паралелно со младите скопјани, илјадници нивни врсници низ целиот свет изминатава недела учествуваа на демонстрации за климатската криза.

Целта е да се укаже на последиците од климатските промени врз планетата и да се упати барање до владите итно да го спречат понатамошното загадување на животната средина.




## Грета Тунберг до светските лидери: Како се осмелувате?

Виновникот за движењето „Петоци за иднината“ е Грета Тунберг. Таа е 16-годишна средношколка и активистка од Шведска. Денес важи за совршеното „заштитно лице“ на глобалното движење против климатските промени. Благодарение на нејзиниот активизам за неа слушна целиот свет, а за овие генерации средношколци некој со право вели дека живеат во времето на Грета.

Грета е родена на 3 јануари 2003 година во Стокхолм, во уметничко семејство. Живеела удобен живот, учела во најдобрите училишта и ги имала привилегиите на современото живеење. Таа го привлекува вниманието на шведската, а потоа и на светската јавност откако во август 2018 година излегува пред тамошниот парламент да протестира, барајќи од властите да се преземе нешто против климатските промени.

Протестира сама со транспаренти, но потоа ги поттикнува луѓето, пред сѐ младите во Шведска и пошироко да го кренат гласот. Нејзиниот активизам отиде дотаму што на 20 септември, во движењето „Петоци за иднината“, 50 милиони луѓе маршираа против немарноста на светските лидери, охрабрени од непоколебливиот став на Грета.

По овие протести на 20 септември, младата активистка имаше настап на самитот за климатски промени во Обединетите нации (ОН), а нејзиниот говор пред светските лидери направи и тој што не слушнал да слушне за неа и да се подзамисли за опасностите од климатските промени.

Како се осмелувате? Очите на идните генерации се вперени во вас и доколку одлучите да нѐ изневерите, ние никогаш нема да ви простиме. Ова е погрешно. Не треба да стојам овде. Треба да се вратам во училиште, на другата страна од океанот. Ги украдовте моите соништа и моето детство со вашите празни зборови. А сепак, јас сум една од среќните. Луѓето страдаат. Луѓето умираат. Целиот екосистем се распаѓа. Ние сме на почетокот на масовно истребување. И сѐ за што можете да разговарате се пари и бајки за вечен економски пораст. Како се осмелувате! - им порача Грета Тунберг на светските лидери во емотивното обраќање.

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

# Историски награди прославени со македонски ора во Јужна Кореја

*Четворица средношколци од Куманово и Скопје собраа четири награди на Светската олимпијада за геонауки во Јужна Кореја, другаруваа и создаваа спомени со нивните врсници од 41 земја, а им покажаа и како се игра традиционално македонско оро*





Историски. Вака со еден збор може да се опише настапот на четворицата средношколци и нивните ментори од Македонија на Светската олимпијада за геонауки - ИЕСО 2019 (IESO 2019), во Даегу, Јужна Кореја.

Историски настап, затоа што ова е првпат Македонското географско друштво активно да учествува на ова натпреварување и затоа што, кажано во школски жаргон, успехот беше одличен. Нашите претставници оттаму се вратија со четири награди.

За учество на ова светско натпреварување беа избрани четворица средношколци: Сара Стојчевска, Кристина Спасовска и Јована Маниќ од СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ во Куманово и Оливер Куновски од СУГС „Орце Николов“ во Скопје.

Гимназијалците беа избрани со селекција на државниот натпревар по географија и со дополнителен избор според покажаните знаења, а за Олимпијадата се подготвуваа со менторите Ивица Милевски и Свемир Горин, додека во севкупната организација помогна Билјана Апостоловска-Тошеска, сите универзитетски професори на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје.

Средношколците и менторите заеднички се подготвуваа од мај до август годинава и на крајот на летото заминаа за Јужна Кореја, во градот Даегу, кој беше домаќин на над 180 ученици и околу 120 ментори и набљудувачи од 42 земји кои учествуваа на оваа Светска олимпијада.

- Учеството на Олимпијадата нè направи побогати со нови доживувања и нови пријателства. Задоволни од успехот, со верба дека можеме и повеќе, веќе се размислува за учество и развиорување на македонското знаме на следната Светска олимпијада за геонаука во Тјумен, Русија, во 2020 година - велат задоволните ментори по враќањето од ова натпреварување.

Но пред да ги насочат мислите кон следната Олимпијада, менторите заедно со средношколците го дадоа максимумот да бидат забележани во Јужна Кореја. И успеаја.

Годинашната Олимпијада, која е 13. по ред, траеше од 26 август до 3 септември.

Натпреварувачкиот дел, раскажуваат учесниците, траел пет дена и се состоел од писмен тест во четири дела (геосфера, атмосфера, хидросфера, педосфера) и практичен тест (два практични лабораториски теста и теренско истражување).

По завршување на писмениот и практичниот тест следувала и теренска работа во интернационални тимови (ITFI-International Team Field Investigation), чии резултати средношколците ги претставиле преку постери и усни презентации (ESP-Earth System Project).

А по завршувањето на натпреварувањата стигнале и среќните вести: четири награди за македонските претставници. Во главната категорија (писмен и практичен тест), ученикот Оливер Куновски се закити со бронзен медал. Покрај тоа, во категоријата практични истражувања (ITFI), Кристина Спасовска освои златна награда, додека во категоријата презентации на истражувања (ESP), Оливер Куновски и Кристина Спасовска освоија две бронзени награди.

Наградите, можеби се најважното, но не и единственото нешто по што средношколците од Куманово и Скопје ќе го паметат ова патување. Тука се и новите познанства, запознавањето на културите на другите земји од каде што допатувале другите натпреварувачи, но и презентацијата на Македонија.

Имено, пред завршната церемонија сите национални тимови имале можност да си ја претстават татковината со избор на некои национални обележја, а нашиот тим се решил тоа да го направи преку македонските ора. Така, на бината во свечената сала во Даегу се слушала и пеела „Македонско девојче“ и се играле македонски ора.

Во програмата за оваа Светска олимпијада биле вклучени и екскурзии, па македонските средношколци заедно со врсниците од САД, Австралија, Бразил, Италија, Франција, Норвешка, Литванија, Казахстан итн., виделе и неколку знаменитости со кои може да се пофалат Корејците. Прошетале во градот-домаќин Даегу, кој има околу два милиони жители, биле во градот Гиенгу, кој се наоѓа во југозападниот дел на Корејски Полуостров и важи за седиште на духовноста и историјата на Кореја и е под заштита на УНЕСКО, како и во геопаркот Чеогсонг, кој е планински предел со прекрасна шума и недопрена природа.

## Освоени награди

- Бронзен медал во главна категорија - Оливер Куновски од СУГС „Орце Николов“ - Скопје
- Златна награда за практични истражувања - Кристина Спасовска од СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ - Куманово
- Две бронзени награди за презентации на истражувања - Оливер Куновски и Кристина Спасовска

# Каква е таа наука само на хартија?



Образованието е составен и вклучен дел од нашиот живот и токму тоа ги отвора нашите хоризонти, давајќи ни можност да се пронајдеме во идната професија и да бидеме успешни во животот. Училиштето каде што се стекнуваме со знаења е битен фактор за квалитетот на нашето образование.

Моето училиште е мој избор и ми нуди многу можности за стекнување на знаења, но кога би се запрашала што би променила во моето училиште и општо во образовниот систем кај нас, мислам дека тоа не би било само едно нешто туку многу нешта, од повеќе аспекти како во науката така и во училишната средина.

Да почнам оттука. Каква е таа наука која ја учиме само на хартија, а многу ретко или воопшто немаме можност практично да ја осознаеме и да ги комплетираме нашите знаења? Недостигот од материјали и опрема го попречува нашето длабинско осознавање и проучување на нештата. Неколкуте кабинети со кои располагаат повеќето училишта, како и моето, не се доволни за напредното образование кон кое стремиме.

Нашиот фонд на часови е голем и тој придонесува да бидеме многу оптоварени со информации, не можејќи да се фокусираме на предметите кои сакаме да ги изучуваме во иднина.

Некои мои професори применуваат нови методи на работа за време на часовите, со кои сè повеќе ги вклучуваат учениците во наставата и ги мотивираат самите да допрат до одговорите кои ги бараат. Со помош на тоа согледав дека во нашиот образовен систем има застарени методи на работа кои повеќе не се ефикасни и истите треба да бидат заменети со нови кои ќе ја разбудат креативноста, ќе поттикнат групна работа развивајќи ги соработката и желбата за зголемување на знаењата.

Што би сменила во училишната средина? Мислам дека сите ние треба да учиме во училиште во кое ќе се чувствуваме среќно и исполнето, каде што слободно ќе ги изразуваме нашите знаења, без страв да погрешиме, бидејќи сепак сме таму за да научиме. Училиште каде што нема да трчаме по оценки, со помалку стрес, каде што наместо да создаваме ривалство и непријателство ќе шириме пријателство, љубов, толеранција и меѓусебна поддршка додека се стекнуваме со знаење. Вложениот труд и збогатувањето со знаење да бидат наша мисија, а постигнувањето успех и потрагата по идната професија наша визија.

**Марија Јованова, ученичка во гимназија „Добри Даскалов“ - Кавадарци**

# Во какво училиште учам, а во какво би сакала да учам?



Секоја индивидуа има различни очекувања за средното училиште и неговите придонеси кон неа. Според мене, секој има свои критериуми за упис во едно училиште. Можам да кажам дека нам на прво место ни се изгледот на училиштето или колективот на професори на даденото средно училиште, но би излажала. Реалноста е дека мнозинство од мојата генерација го прави тој избор врз основа на социјалниот статус на едно училиште. Да се надоврзам, социјален статус во овој случај би значело каква е дружбата во тоа училиште, колку наши пријатели веќе го посетуваат тоа училиште или планираат да го посетуваат. Но секако дека ова варира од една личност до друга, сите имаат различни искуства. За мене најважни беа околината, позитивноста на учениците, професорите, вработените. Со сигурност можам да кажам дека одвај чекав да седнам во училишните клупи и да се стекнам со нови знаења, нови пријателства и познанства. Ми се допаѓа моето училиште и одговорот на прашањето: „Во какво училиште би сакала да учам“, би рекла дека токму моето е она во кое би сакала да учам. Исполнето со смеа, дружба, знаења, наука... Сè што би требало да биде дел од средношколското искуство.

Но секогаш знаеме дека може подобро. Мене, искрено, ми пречи големината на класовите, т.е. бројот на ученици во класот. Училиштата треба да се фокусираат на квалитет, а помалку на квантитет. Мислам дека секој наставник би работел многу полесно и подобро со бројка од петнаесетина до дваесет ученици. Исто така, многу од нашите лекции и наставни содржини се сосема непотребни и не би можела да најдам ситуација во која мене или на моите соученици во иднина би ни биле потребни тие информации. Зошто да се претрупуваме со непотребни информации кога може многу повеќе да научиме за работи што ни се потребни во секојдневието? Најлесно и најбрзо се учи со практика. Би сакала да видам посовремени и модерни техники на учење и совладување на дадениот материјал. На пример, учење преку игри, часови надвор од училишните клупи, со многу посети на театри, музеи, настава во природа... Секогаш ќе постојат сектори во кои едно училиште може да се унапреди. Мислам дека тоа му недостига на нашето образование. Треба да се преземат мерки учениците да не го гледаат учењето како тешка обврска, туку како на интересен начин да го поминуваат своето време во надвор од училишните клупи, а притоа да учат, да се воспитуваат и надградуваат.

**Михаела Неделковска, ученичка во прва година во СУГС „Никола Карев“ - Скопје**

# Не сме виновни што имаме желби!

Уште додека сме мали секој од нас го замислува училиштето на различен начин. Тоа се нашите детски соништа, нашите наивни детски замислувања, визии и слики кои една по една се вклопуваат правејќи совршен мозаик на иднината. Растеме со нив и ги осознаваме светот, околината и реалноста.

Нашите соништа понекогаш не се еквивалентни на реалноста, се судираат, се разделуваат и не се остваруваат. Токму тоа е причина и за нашата разочараност. Се прашувам дали јас бев нереална во своите очекувања или можеби реалноста во која ги создавав своите мечти не е во можност да ги исполни?

Мојата замисла за училиштето беше идентична како онаа филмска идила што ја гледав на телевизија. Ми требаше време да сфатам дека филмот е само филм и дека реалноста е нешто различно, да не кажам спротивно. Сепак, мојот сон, мојата замисла за тоа како треба да изгледа моето училиште не се сруши сè до моето тргнување во училиште. Како што минуваа годините, не размислував каков ќе биде образовниот систем. Растев, се дружев со врсниците, впивав нови знаења, осознавав нови хоризонти. Водена од својата лична желба за успех давав сè од себе за да ги остварам зацртаните цели.

Сега, како средношколка, сфаќам колку се неопходни промените во нашиот образовен систем. Училиштето во кое учам претставува одлично место за дружење со врсниците, за учење, за творење, за натпреварување во учењето.

Но она што сметам дека е факт е дека во нашата современа и модерна држава учениците сè помалку обрнуваат внимание на учењето заради знаење. Можеби тоа е така затоа што сите учат за добивање бројка во дневникот, а не за да бидат побогати со знаење.

Училиштето треба да биде место во кое учениците ќе ја развиваат својата креативност, ќе се мотивираат, ќе истражуваат. Затоа сметам дека наставната програма треба да се реализира преку едукативни филмови, видеа, игри и квизови од кои ние, учениците, сами ќе донесуваме заклучоци, ќе бараме решенија, ќе пишуваме реферати.

Би сакала во моето училиште да има голема библиотека со читалница во која ќе го поминуваме времето од одморите или по часовите. Сите книги и учебници би ни биле достапни, би можеле да учиме заедно, да си помагаме.

Го сакам моето училиште, бидејќи избрав да учам предмети и содржини од економско-правна и трговска струка. Го учам тоа што го сакам и сметам дека тоа е многу важно. Изборот на училиштето во мојот град е личнo мој и горда сум на мојата одлука. Економија, сметководство, бизнис и другите стручни предмети се мојот предизвик. Затоа сум тука денес, и утре и наредната година.

Но сите знаеме дека од добро постои и подобро, од убаво поубаво. Сонуваме, патуваме, мечтаеме. И не сме виновни што имаме желби. Треба да ги имаме, тие се двигатели на животот, неделив дел од младоста. Она што го сонуваме, а го немаме е нешто што треба да го засега целото општество.

**Јована Петковска, ученичка во втора година во СОУ „Перо Наков“ - Куманово**

# Медиумски ден 2019

На 30 октомври (среда), Институтот за комуникациски студии ќе го организира петтиот Медиумски ден. Околу 130 ученици од 14 училишта ќе посетат вкупно осум национални и локални медиуми кои се традиционални домаќини. Идејата е учениците да се запознаат со работата на новинарите, начинот на креирање вести и професионалните новинарски стандарди.

Годинашниот медиумски ден, ИКС го организира во рамките на кампањата за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!“. За време на посетите во медиумите, учениците ќе дознаат дали и како медиумите информираат за теми за заштита на животната средина, екологијата и климатските промени. Кампањата ја поддржа и претседателот Стево Пендаровски и затоа учениците ќе го завршат Медиумскиот ден со посета на вилата „Водно“, каде што изворно ќе се запознаат со ингеренциите и активностите на претседателот за справување со предизвиците за климатските промени и заштитата на животната средина. Интервјуто на средношколците со претседателот Пендаровски, ИКС ќе го објави во средношколскиот весник „Медиум“ и на веб-страницата www.medium.edu.mk.

На Медиумскиот ден ќе учествуваат средношколци од вкупно десет града: „Ванчо Прке“ - Виница, „28 Ноември“ - Дебар, „Гоце Делчев“ - Валандово, „Богданци“ - Богданци, „Добри Даскалов“ – Кавадарци, гимназијата „Ј. Б.-Тито“ и медицинското средно училиште „Јован Калаузи“ од Битола, „Јане Сандански“ - Струмица, „Кочо Рацин“ – Велес, „Зеф Љуш Марку“, „Никола Карев“ и „Орце Николов“ од Скопје. Учениците ќе ги посетат следните осум медиуми: Македонска телевизија, весникот „Нова Македонија“, ТВ-21, Радио МОФ, Макфакс, ТВ-Тера – Битола, ТВ-Плус - Куманово и ТВ-Вис - Струмица.

Медиумскиот ден се совпаѓа со иницијативата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) „Денови на медиумска писменост“, на која се приклучи и ИКС преку организирање на своите активности за унапредување на писменоста за вести и за дигиталната писменост.












ЕКО КОШЕ

## Што се климатски промени?

Климатските промени се долгорочни промени на глобалните и регионалните временски услови кои се предизвикани од зголемените нивоа на атмосферски јаглерод диоксид произведен од употребата на фосилните горива.

**Што се стакленички гасови?**

Стакленички гасови се гасови што апсорбираат и испуштаат зрачна енергија во рамките на термичкиот инфрацрвен опсег. Тие го предизвикуваат ефектот на стаклена градина, односно затоплување на атмосферата на Земјата. Во Македонија најмногу емисии на стакленички гасови предизвикуваат следните сектори: енергетика, отпад, транспорт и земјоделство.

**Неколку факти за климатските промени во Македонија:**

- Во Македонија, од 1987 година речиси секоја година се евидентирани топлотни бранови, што не било случај претходно.
- Емисијата на ЦО2 се предвидува да се зголеми за 29% до 2050 година, со доминантно учество во производството на електрична енергија.
- Генералната достапност на водата во Македонија се очекува да се намали за 18% до 2100 година.
- Екстремно високите температури на воздухот се директно поврзани со бројот на смртни случаи предизвикани од кардиоваскуларни или респираторни заболувања, особено кај повозрасните лица.
- Во Третиот национален план за климатските промени се идентификувани 18 ранливи живеалишта и 58 растителни и 224 животински видови, бидејќи не можат да се адаптираат на повисоките температури, почестите суши и поекстремните временски настани.